**ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА БИТОЛА**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**
**“БИТОЛА НЕКОГАШ И ДЕНЕС”**

По повод **4 ти Ноември** - Денот на ослободувањето на Битола, Националната и Универзитетска библиотека **“Св. Климент Охридски”** од Битола во холот постави изложба на книги под наслов **“Битола некогаш и денес”** која беше прифатена и од општинската програма за одбележување на овој голем празник на градот. На изложбата беа презентирани **160** монографски публикации и стари фотографии на Битола. Книгите содржински опфаќаа временски периоди од минатото - антиката, од поблиското и подалечно културно историско минато, од општествено економскиот развој на Битола, од научно истражувачката работа, стопанството, воспитно образовниот процес, културата изданија на Библиотеката, спортот и книги од битолски писатели членови на **ДПМ.** Изложбата ја отвори градоначалникот на Битола г-дин **Владимир Талески.** За изложбата кратко образложение за медиумите во Битола даде г-дин **Драги Кабровски** вработен во Библиотеката на културни активности.